Овој проект е финасиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ОТВОРЕНА ПОРТА AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

Хуманост




**ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ[1]**

**за развој на Програмата за рехабилитација и реинтеграција (R&R)**

Здружението за поддршка и развој Хуманост, објавува јавен повик за ангажирање на експерт/ти за развој на Програмата за рехабилитација и реинтеграција (R&R).

## 1. ЗА ХУМАНОСТ

Хуманост е здружение на граѓани, кое ги застапува интересите и потребите на лицата во социјален ризик да ги добијат потребните можности и ресурси за целосно учество во економскиот, општествениот и културниот живот, уживање на стандардните услови за живеење и социјална сигурност кои се сметаат за нормални во општеството во кое живеат. Ние овозможуваме нивно поголемо учество во процесот на донесување на одлуки кои влијаат врз нивниот живот и пристапот до фундаменталните права.

## 2. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

**2.1 Главната цел на проектот** е да се изгради силно, кохезивно и инклузивно општество кое ефикасно го спречува и се бори против насилниот екстремизам и радикализам преку активно вклучување и влијание на граѓанското општество, државните и не државните чинители.

**2.2 Специфични цели се**: 1.1 Зајакнување на соработката помеѓу јавните институции на централно/општинско ниво, локалната бизнис заедница, граѓанските организации(ГО) и лидерите преку воспоставување платформа на заедницата за овозможувачка средина; 1.2 Подобрување на капацитетите на локалните чинители за ефективна превенција и спротивставување на насилен екстремизам, подобрување на социоекономската вклученост и услуги; 1.3 Подигнување на свеста и мотивацијата на локалната заедница за намалување на ризиците кај младите и ранливите групи да бидат привлечени од насилен екстремизам и организиран криминал.

**2.3. Целни групи**

[1] Или здружени експерти претставувани од физички или правни лице, во понатамошниот текст „експерт“

1) Граѓански организации, 2) Млади, 3) Заедници, 4) Јавни власти и општини 5) Приватен сектор-ИТ и бизнис сектор 6) Повратници и нивните семејства се индиректни и крајни корисници

**2.4. Главни активности**

- Активности за развој на мрежа од луѓе до луѓе
- Активности за развој на локални стратегии за превенција и спротивставување на насилен екстремизам, за подобрување на социоекономската вклученост и услуги
- Активности за мобилизирање на локалните ГО од целните заедници и градење на нивните капацитети
- Активности за развој на основна ГО мрежа
- Активност за размена на најдобри практики и прекугранична соработка за превенција и спротивставување на насилен екстремизам и социјална инклузија и услуги.
- Активности за програмата на ре-грантирање за поддршка и зајакнување на ГО за превенција и спротивставување на насилен екстремизам акции на локално ниво
- Активност за проценка на знаењето на заедницата за превенција и спротивставување на насилен екстремизам
- Активности за подигање на свеста

**2.5 За програмата за рехабилитација и реинтеграција (R&R)**

Програмата за рехабилитација и реинтеграција (R&R) честопати е насочена кон повторно влегување во општеството насочено кон поединците и нивните семејства. Програмата ќе понуди образовни и стручни обуки, советување, можности за вработување и идеолошко превоспитување (психолошко или семејно советување, стручна обука и вработување, образование, културни и рекреативни активности и менторство).

**3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ**

Здружението Хуманост има потреба од ангажирање експерт/ти за развој на програма за рехабилитација и реинтеграција (R&R). Експертот ќе треба тесно да соработува со спроведувачите на проектот и формираните работни групи во трите општини во насока за подготовка и развој на програмата. Експертот мора да ги изврши следните задачи:

- Анализа и истражување за процесот за рехабилитација и реинтеграција (R&R);
- Континуирана и блиска соработка со проектните координатори на проектот од Хуманост и Отворена Порта за целото времетраење на активностите;
- Воведување на тематски единици или модули во програмата во насока за психолошко или семејно советување, стручна обука и вработување, образование, културни и рекреативни активности и менторство.

**3. ИЗВЕСТУВАЊА**

Давателот на услугата ќе ги достави следните извештаи на македонски јазик, по електронски пат:

- **Извештаи** (соодветно за развој на рехабилитација и реинтеграција) кој одговараат на активностите наведени во овие Услови на работа. Во извештаите, изведувачот ќе ги опише достигнувањата, вклучувајќи ги проблемите и препораките. Овие извештаи се доставуваат најдоцна еден месец пред истекот на периодот на извршување на задачите.

- **T-sheets за ангажманот,** со јасно прикажани сегменти по специфични активности, соодветно за работата на развој на мрежата и на комуникациската стратегија.

- **Финален документ** – Финална програма за рехабилитација и реинтеграција.

Менаџерот на проектот е одговорен за одобрување на извештаите во рок од 10 дена од поднесувањето.

Мониторингот и евалуацијата на работата на експертите ќе ги врши проект менаџерот во соработка со проектниот тим.

## 4. КВАЛИФИКАЦИИ И ВЕШТИНИ

Знаење, вештини и искуство на екеспертот:

- Универзитетско образование;
- Одлични комуникациски и интерперсонални вештини, со способност за соработка со различни засегнати страни;
- Одлични аналитички и организациски способности;
- Креативна, проактивна и конструктивна личност.
- Способност за тимска работа во средина во која се почитуваат и промовираат различностите.
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик;

Специфично работно искуство:

- Најмалку 5 години искуство во работа во граѓанскиот сектор;
- Искуство во развој на посебни образовни програми за образовани на возрасните;
- Искуство во развој на прирачници или други неформални образовни програми;
- Искуство во развој на комуникациски документи;
- Работно искуство со целната група на проектот ќе се смета за предност (бизнис секторот, граѓански организации, институции).
- Зрелост и професионална способност за ракување со чувствителни информации и способност за почитување на доверливоста на таквите информации додека работите со Хуманост па дури и по истекот на договорот;
- Познавање на локалниот контекст и динамика во наведените општини е плус.

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА:

Експертот се очекува да започне со работа од март 2024 година и да заврши со задачата до април 2024 година. Рокот за завршување на задачата и доставување на финалниот продукт може да се продолжи во консултација со Хуманост.

## 6. ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ:

Заинтересираните лица треба да ги достават следниве документи кои се објавени на веб страната и истите може да се преземат:

- CV (биографија на експертот, и ако е апликативно за неговите партнери со кои е здружен)
- Финансиска понуда , цена изразена без ДДВ
- Референтна листа на професионално искуство
- Методологија.

**по електронска пошта на contact@humanost.org.mk и sashejovanov@humanost.org.mk со назнака „Апликација за експерт за развој на програма за рехабилитација и реинтеграција" најдоцна до 25.02.2024.**

**7. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР**

Предлозите ќе бидат избрани од комисија од Хуманост
Критериуми за избор на понудувач се:

- Квалификации и претходно искуство во слични ангажмани
- Финансиска понуда

Нарачателот ќе стапи во контакт и комуникација само со понудувачот чија понуда ќе биде избрана од страна на комисијата. Во зависност од понудените цени, нарачателот може да прифати целосно или делумно пристигната понуда. Нарачателот го задржува правото да не избере ниту една од пријавените понуди.

Апликациите кои не ги исполнуваат условите од аспект на поседување на соодветно образование, работно искуство нема да бидат земени предвид. За интервју ќе бидат поканети само оние кои комисијата на Хумансот ќе ги претселектира и стави на кратка листа на најдобри кандидати за позицијата.

*Согласно Законот за заштита на лични податоци Ве молиме во текстот на е-поштата да наведете дали прифаќате Вашите податоци да се чуваат во збирката за идни вработувања/ангажирања во Хуманост Скопје или сакате Вашите лични податоци да бидат уништени по истекот на активниот оглас.*